З А П И С Н И К
од Двесте дваесет и втората (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 13 октомври 2026 година

Скопје, октомври 2026 година

З А П И С Н И К
од Двесте дваесет и втората (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 13 октомври 2026 година

Седницата започна во 13:40 часот.

На седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата присуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и членовите на Владата м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, д-р Јетон Шасивари, министер за правда, Агон Ферати, министер за односи меѓу заедниците, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, д-р Борче Серафимовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Ѓоко Велковски, министер за социјална политика, демографија и млади, Иван Стоилковиќ, министер за локална самоуправа, м-р Седат Сулејмани, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Муамет Хоџа, министер за животна средина и просторно планирање, Борко Ристовски, министер за спорт, Зулфиќар Зејнула, министер без ресор, задолжен за меѓународни партнерства и странски инвестиции и Ерџан Демир, министер без ресор, како и Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија и м-р Хасим Муртезани, заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија, на седницата присуствуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство и д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација.

На седницата присуствуваше и м-р Димитар Димовски, претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија

Од седницата отсуствуваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, д-р Беким Сали, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања и членовите на Владата Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, м-р Сашо Клековски, министер за здравство и Горан Минчев, министер за јавна администрација.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Информација за степенот на реализација на проектите од Програмата за работа на Влада (2024-2028) за септември 2026 година

2. Табеларен преглед за постапување на институциите за период од 15 септември 2026 година до 13 октомври 2026 година, со прилози

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

Точка 1

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на проектите од Програмата за работа на Влада (2024-2028) за септември 2026 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се препорачува на Јавното радиодифузно претпријатие „Македонска радиотелевизија – Скопје“, најдоцна до 20.10.2026 година, до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да достави писмена информација за степенот на реализација на препораките од тематските седници на Владата кои се однесуваат на проектот „МРТВ – прозорец кон Македонија“, која ќе содржи статус и рок за завршување на анализата на финансиското работење, склучените договори и јавните набавки, како и рок за изработка на пресечниот финансиски извештај; одлука за формирање на посебна организациска единица за проектот, со назначено одговорно лице; опциите за реализација на проектот кои Македонска радиотелевизија – Скопје ги разработува, со проценка на потребните финансиски средства; како и дали и во кој рок ќе се изврши пренамена на буџетот и планот за јавни набавки за 2026 година или ќе се предвидат средства во финансискиот план за 2027 година. Доколку за реализацијата на проектот е потребна поддршка од Министерството за финансии или друга надлежна институција, Македонска радиотелевизија – Скопје во истата информација да го наведе видот на потребната поддршка. Врз основа на наведеното, Македонска радиотелевизија – Скопје да го подготви и достави оперативниот план за реализација на проектот најдоцна до 21.11.2026 година, а по неговото доставување да продолжи со редовно месечно известување најдоцна до 20 во месецот за претходниот месец.

2. Се задолжува Министерството за европски прашања, најдоцна до 20.11.2026 година, до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да достави писмена информација која ќе содржи список на институциите носители на поглавја што не доставиле ревидирани номинации за работните групи за подготовка на преговарачките позиции, со број на членови кои недостасуваат по поглавје; информација за исходот од консултациите со Европската комисија за прелиминарната листа на чекори за ревизија на Реформската агенда; план за ревизија на НПАА 2025–2030 со фази и рокови по поглавје, со цел документот да се финализира до крајот на 2026 година; рокот за ставање во функција на јавниот дел на порталот за следење на Реформската агенда; како и модел и рок за изработка на прирачникот за спроведување, следење и известување, при што, доколку до 31.10.2026 година не се добие потврда за поддршка од ГИЗ, Министерството за европски прашања, во соработка со Министерството за финансии, да пристапи кон изработка на прирачникот со сопствени капацитети или преку техничка помош од Делегацијата на Европската Унија, со рок за нацрт-прирачник до 31.12.2026 година.

3. Се задолжува Министерството за европски прашања, соработка со Министерството за јавна администрација, најдоцна до 31.10.2026 година до Владата да достави информација која ќе содржи распоред на координативни состаноци на министерот за европски прашања со ресорните министри до крајот на 2026 година; статус на заклучоците од одржаните секторски мониторинг комитети и институциите кои не постапиле по нив; нацрт-секторската рамка за комуникација и Акцискиот план за видливост на ЕУ фондовите, чија изработка започна во декември 2024 година; како и план за пополнување на испразнетите работни места во ИПА-

структурата, согласно Анализата на обем на работа, со број на позиции, потребни финансиски средства и рок за вработување.

4. Се задолжува Министерството за европски прашања, најдоцна до 20.11.2026 година до Владата да достави информација со предлог концепт за понатамошна реализација на проектот „ЕУ Ресурсен центар“ во која ќе биде детално образложен моделот на финансирање, институционалниот носител, потребни човечки ресурси, конкретни активности и временска рамка за операционализација.

5. Се задолжува Министерството за европски прашања, најдоцна до 20.10.2026 година, до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да достави информација за тековните состојби, идентификуваните потреби и можните насоки за институционално зајакнување на капацитетите за превод и јазична ревизија и информацијата за проектот EU4Digital, како и писмена информација за датумот на ангажирање на двајцата консултанти преку UNOPS, рокот за изработка на компаративната анализа и рокот за предлог на националниот модел за стручна и правна ревизија и контрола на квалитетот на преводите. Воедно, се задолжува Министерството за европски прашања, во соработка со Министерството за финансии и Министерството за јавна администрација, при подготовката на Буџетот за 2027 година да предвиди средства за пополнување на раководните позиции во Одделението за превод на правните акти и Одделението за јазична ревизија и терминологија, лектор, како и нови преведувачи и правници-лингвисти и за тоа да ја информира Владата најдоцна до 30.11.2026 година.

6. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, најдоцна до 20.10.2026 година да ги донесе Правилникот за формирање на Советот за економска дипломатија и Правилникот за формирање на Советот за научна дипломатија, а најдоцна до 15.11.2026 година да ги конституира двата совета, да именува координатор за секој од нив, да воспостави регистар на членови и комуникациска група, да ја одржи првата онлајн сесија и да изготви календар на активности. За реализацијата на сите наведени активности Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да ја информира Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија најдоцна до 20.11.2026 година, со образложение за секоја активност која не е реализирана во рокот.

7. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во соработка со Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 31.10.2026 година да изврши преглед на сите заклучоци од тематските седници кои се однесуваат на Министерството за надворешни рабори и надворешна трговија, да ги идентификува заклучоците за кои смета дека надлежноста е на друга институција (Министерството за внатрешни работи, Министерството за економија и труд, Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство), заклучоците за кои предлага изменет рок, со образложение за секој, со цел Владата на следна тематска седница да донесе одлука за нивно преформулирање или пренасочување.

8. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади да ја информира Владата за спроведените теренски контроли за утврдување на исполнетоста на условите за остварување на правото на гарантирана минимална помош, за периодот од мај, заклучно со октомври 2026 година. Известувањето да биде доставено до 31 октомври 2026 година и да содржи податоци за бројот и опфатот на спроведените теренски контроли, утврдените недостатоци и неправилности, како и преземените мерки и активности за нивно отстранување и заштита на законитоста при остварувањето на правото на гарантирана минимална помош.

9. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади да ја информира Владата со преглед на планираното отворање на детски градинки до крајот на 2026 година и во текот на првиот квартал од 2027 година, најдоцна до 31 октомври 2026 година.

10.Се задолжува Министерството за култура и туризам во рок од пет дена да достави информација до секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на Претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за динамиката на реализација на проектот Формирање на Национална комисија со цел да воспостави стандарди на географските имиња од Програмата за работа на Владата 2024-2028 година.

11.Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со Министерството за финансии да ја разгледа можноста за повеќегодишна буџетска програма за рурален развој и за истото во рок од еден месец да го информираат секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на Претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

12.Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од две недели до секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата да достави информација за прогрес на активностите на работната група за рамноправност меѓу жените и мажите и зајакнување на жените.

13.Се задолжува Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој во рок од 15 дена до секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да достави информација за степен на реализација на објавените огласи од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година и динамика за затварање на истите.

14.Се задолжува Министерството за спорт до 20 ноември 2026 година, да ја достави во владина постапка Националната стратегија за развој на спортот за период 2026 - 2030.

15.Се задолжува Министерството за односи меѓу заедниците до секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на Претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата да доставува редовни месечни известувања за статусот на реализација на проектите од Програмата за работа на Владата 2024-2028 најдоцна до 20 во месецот за претходниот месец.

16.Се задолжува Министерството за култура и туризам во рок од пет дена да ја свика работната група за изработка на Предлогот на закон за авторско право и сродните права од Програмата за работа на Владата 2024- 2028 година, со сите номинирани членови, вклучувајќи го и номинираниот членот од Канцеларија на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Истовремено, Владата заклучи следниот предлог – заклучок кој гласи:

„Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија најдоцна до 20.10.2026 година да определи одговорно лице за комуникација и известување за реализацијата на заклучоците од тематските седници на Владата и за тоа писмено да ја извести Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Воедно, се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 20.10.2026 година до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да достави писмена информација за реализацијата на заклучоците кои се однесуваат на проектот „Брендирање на Македонија како поволна инвестициска дестинација“, која ќе содржи утврдената можност и начин за реализирање на активностите за изготвување на Национална стратегија за инвестициски бренд и за спроведување на дигитална кампања насочена кон приоритетните пазари, согласно заклучокот од Сто триесет и осмата седница на Владата, чиј рок истече во март 2026 година; причините за застојот, одговорната организациска единица и лице за постапување, прашањето или постапката што ја блокира реализацијата, предлог за премостување на проблемите и рок за постапување, согласно заклучокот од тематската седница од 14.7.2026 година; како и дали е потребно постапување на Министерството за економија и труд, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за финансии или друга надлежна институција. По доставувањето на информацијата, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да доставува редовни месечни известувања најдоцна до 20 во месецот за претходниот месец.“,

да се разгледа на следната тематска седница на Владата, поради потребата истиот да се усогласи помеѓу Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Точка 2

Владата го разгледа Табеларниот преглед за постапување на институциите за период од 15 септември 2026 година до 13 октомври 2026 година, со прилози, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги задолжи државните институции опфатени во табеларните прегледи, во рок од 10 дена, до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да достават известување за статусот на материјалите содржани во Табеларниот преглед за недоставени материјали, како и предлог за продолжување или повлекување на материјалите во владина постапка, содржани во Табеларниот преглед за спорни/нереализирани материјали и Табеларниот преглед за одложени материјали.

Точка 3

По оваа точка немаше предлози.

Точка 4

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:00 часот.